Томислав Османли

# МЕДИУМОТ ШТО НЕДОСТАСУВА

Книгата е објавена со
поддршка на Град Скопје

**Едиција – „Плочка“**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Јазична редакција
**Андреј Јованчевски**

Наслов на оригиналот:
**Томислав Османли**
**МЕДИУМОТ ШТО НЕДОСТАСУВА**

**© Tomislav Osmanli, 2020**
**© Begemot, 2020**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Ликовно уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Томислав Османли

# МЕДИУМОТ ШТО НЕДОСТАСУВА

(Знаците на вашата и наша младост)

Скопски отсутности или
Записи од локалните (веле)градски недостатоци

Скопје, 2020

# Содржина


Предговор кон новото издание 7
Книга на отсуства 9

(И)РЕАЛНОСТА КАКО МЕДИУМ 11
Реалноста 13

НАДВОРЕШНИ ЗНАЦИ 17
Насмевката 19
Пристоен графит 21
Облеката како „продолжена кожа“ 24
Јавното време на градот 26
Богатиот мирис на градот 29

УРБАНИ МЕДИУМИ 33
Градската кафеана 35
Зелената градска покривка 38
Светлините на велеградот 41
Плоштадите, лирски ставови на градската симфонија 44
Водните знаци на убавината 47
Ослободување на Градот (среде поразот на сите вредности) 50
Песните на една младост 55
НННРВ (ор.) 58
Пазарите на Скопје 61
Казанот наречен Скопје 64
Исчезнатата насмевка на градот 70

СОЦИЈАЛНИ ЗНАЦИ 73
Една мирисна утопија 75
Парите 78
Една пристојна пијачка 81
Нова општествена поделба 84
Нужна демократија 87
Одземениот тротоар 91
Шалтерот на граѓанската слобода 94
Годо 97
Био-библиографија 100
Фусноти 101

## ПРЕДГОВОР КОН НОВОТО ИЗДАНИЕ

Препрочитувајќи ги, по неполни три децении, содржините на оваа книга есеи за урбаните феномени што во тоа време ми се чинеа актуелни, особено оние што кај нас недостасуваа, помислувам колку опстојно – и покрај долгиот помин на време – таквите појави и однесувања настојчиво недостигаат во нашава средина. Не дека таа во меѓувреме не се измени, и тоа многу. Урбанитетот доживеа трасформации од поранешната испразнетост кон преполнетост, од неисполнетоста на голем дел од градските простори кон постојниве, урбанистички презаситени ткаења, од расположливиот кон окупираниот градски амбиент, но и од концептуалниот модернитет во минатото кон еден конзервативен инженеринг, изведен и преживеан во центарот на главниот град, сега начичкан со претенциозни структури и кичерски градби од механички копирани и лажно креирани, во секој случај туѓи (на овој град и на неговите жители), авторитарно наметнати стилови... Скопје и денес ги лечи раните од претераната и незапрена градба, од освојувањето на целото подножје на питомата планина што најблиску се издига над градот, која е божем заштитена сфера, па сѐ до центарот, изведен во незамислив хибрид, еден вид кириличен барок, мегаломански неокласицизам и еден вид „касписки" ампир од претенциозни и лажни фасади што, неопстојни како материјал, инвестиција и естетика, потклекнуваат под ударите на скопските дождови и летните изгори, и сами се лупат и отпаѓаат...

Во текот на овие три децении откако првпат беше објавена оваа книга, животот стана побрз, погуст, покомплициран, поманипулативен и потрауматичен... Кога одново ги читам овие записи од времето на нашата почетна државна самостојност и од времето на недостигот на толку многу нешта: од материјални средства, но и навики во процесот на транформација на општетсвото, на несоздадени нови вредности итн., ми се чини дека тие поранешни недостизи се чедни и некако наивни во однос на овие отсуства што денес нѐ оптоваруваат: етичките, правните, урбанистичките, социјалните, сочувствените, човечките...

Накусо, оваа книга е сѐ уште актуелна, токму зашто потсетува на важноста на недостигот, како аспект на нашата некомплетност, како нашата човечност на која дури и денес ѝ недостасува дел од оние некогаш констатирани, но особено од овие новоздобиени потреби и (без)вредности! Затоа и посакавме, уредниците на „Бегемот" и јас самиот, да ја преобјавиме. Зашто таа е посвета на дел од највоочливите урбани појави, вредности и навики, согледани како своевидни медиуми на Скопје, како феномени од едно претходно време кога тие претставуваа изрази и аспекти на нашите мечти, носталгии или критички интонирани посакувања, за разлика од оваа прагматична сегашност, на која најмногу ѝ недостасуваат токму мечти; но и зашто таа е посвета на урбаниот дух, пред сѐ на Скопје – како сѐ уште недовршен медиум.

За овој така доживеан издавачки зафат, им благодрам на г. Филип Димевски, главен уредник, и на г. Андреј Јованчевски, непосредно и грижно ангажиран во овој обновен проект. Ставајќи ја на овогодишната

програма на престижната, артистички ориентирана издавачка куќа „Бегемот“, тие најдоа за сходно на оваа книга да ѝ овозможат нова објава, правејќи го ова, инаку одамна исцрпено издание – кое своевремено скопјани го купуваа и си го подаруваа по лични и по колективни поводи – одново достижно за љубопитните читатели на урбани есеи од новите генерации, пред сè на нашиов град.

Посебна благодарност би сакал, на ова место, да упатам и до Градот Скопје, како и до членовите на неговата Комисија, кои ја поддржаа оваа објава во рамките на својата програма за култура за тековнава година.

Т. Османли

Скопје, мај 2020

## КНИГА НА ОТСУСТВА

Ова е едно сè попразно време: многу нешта исчезнаа, други сè повеќе недостасуваат. Ова е, бездруго, едно време пренаселено со *елиптичност*, со *отсуства*, и токму затоа она што го (имало, а сега го) нема е неговата вчудовидна слушност. За ова време, имено, може поскоро да се суди според нештата што недостасуваат, одошто според оние нешта што „позитивно“ ги содржи.

Немајќи многу нешта, ова е всушност едно бедно време. Ова е време што ниту *има* (идентитет), ниту *е* (свое и особено). Ова е едно меѓу-време што не привршува, туку, парадоксално, сè повеќе трае. Елиптично, сочинето од мноштво отсуства. Многу од неговите знаци и значења како да се ставени во загради. Едноставно, не функционираат: тука се, а всушност ги нема. Во вакво време, човек нужно станува копнежлив: присакува што нема. Затоа, оваа книга е книга на копнежи и носталгии. Во неа се бараат медиумите, средствата што недостасуваат, посредниците низ кои севозможно се комуницира: и со современоста, и со минатото, и со секојдневието, и со цивилизацијата, и со малите луѓе и обичните вредности, како и со културата на светот и со универзалните постулати, со ситните потреби на раз(не)убавениот делник, како и со самата животна сушност – низ знаците, низ средствата, низ медиумите што битно ги одредуваат начините на однесување и доживување на стварноста. Во оваа книга се бараат само некои од мноштвото знаци, значења, предмети, односи, феномени што ги нема (и толку многу недостасуваат). Највеќе, отсутните човечки аспекти.

Секојдневието ни наликува на старо писмо во кое многу редови се избледени или сосема избришани. А, биле испишани, само сега веќе ги нема, па списот е испресечкан, недоосмислен, жално нејасен и беден; потврдува дека постои, но, бидувајќи неповрзан, не може да соопшти. Едноставно, не комуницира.

Овие текстови се обиди тој оштетен спис на секојдневието да се реконструира, но преку личен регистар на исчезнатите теми и со свое, доживеано, напати сентиментално, напати духовито, напати иронично видување на нивната содржина. Секако, ова е само еден можен, субјективен регистар на урбани теми (и непостојности) од секојдневниот простор на авторот. Ова е книга на медиумите што, пред сè, му недостасуваат *нему*, не само денес, но особено тука, во ова поземјотресно, осиромашено Скопје. Затоа, во книгава се попишани (некои од) *скопските отсуства*. Овде, имено, се проблематизира и се релативизира онаа веќе забележлива умисленост на Скопје дека, само со оглед на надворешните димензии и на физичките величини што, ете, ги има достигнато, несомнено израснало во – велеград. Во овој спис, имено, се тврди спротивното: многу нешта недостасуваат, многу медиуми нема, многу велеградски знаци и значења се исчезнати, дури и намерно (и)збришани. Затоа, Скопје денес е еден меѓу-град во едно меѓу-време. Така, оваа книга и ненамерно станува тематска посвета на паланечките мани и урбани(стички) недостатоци на нашиот недораснат велеград, во скудново време.

Од друга страна, секој копнежлив „палеограф“ што ги реконструира исчезнатите редови има сопствен список на отсутни вредности. Ако овој, што во книгава се нуди на препознавање (како скопска елиптичка конкретизација), ги поттикне и другите, тогаш таа ја остварила својата цел: станала медијатор, посредник, и самата станала покренувач и врска со темата за која говори. Тогаш, таа е медиум: на овие размисли и доживувања, на овој урбан сензибилитет, на ова место и време – со другите.

Овие текстови стапуваат во тој медиумски јавен живот по втор пат: еднаш постапно, во прилогот „Сабота“ на весникот „Нова Македонија“, каде што излегуваа седмично, повеќе од четири месеци, предизвикувајќи мноштво позитивни реакции и – заради тоа – овој пат збирно, во книгата за отсуствата, што под изворниот рубричен наслов „Медиумот што недостасува“ сега му се нуди на читателот. Во таа смисла, ова е една книга со конкретни, но исчезнати или непостојни (во секој случај отсутни) теми. Затоа, темите што тука се нудат се само можни. Нив извесни ќе ги направи, евентуално, читателот. Од елиптични, од отсутни – стварни; ако успеат да го допрат и ако дел од оштетениот спис на секојдневието наеднаш добие некоја имагинарна, но богата и битна димензија и смисла.

Без оваа книга подолу приложените чувствувања и размисли ќе го одживееја својот актуелитет како и секој новински текст, исчезнувајќи во правливите депоа на големата новинска книга на заборавот.

На овој начин, даден им е нов живот.

*Авторот*

Скопје, 26 јули 1992 г.

## (И)РЕАЛНОСТА КАКО МЕДИУМ

**Онака како што во секојдневието ни се случуваат само крупни нешта, изгубивме осет за малите работи. Годинава, вели еден мој пријател, вечен вљубеник во Скопје и во неговите пролети, не ни почувствував кога расцутеа липите. Едноставно, ги видов расцутени. Дури потоа им го почувствував и мирисот...**

## РЕАЛНОСТА

Најголемата измама што секогаш одново ја распространува идеолошкиот ум е, имено, ветувањето за подобро утре. Во самиот живот, нештата стојат сосем спротивно: најдобро е, секогаш, минатото. Идеолозите се, затоа, лажни, пропагандистички копнежливци по неопределената иднина. Обичните луѓе, пак, се, речиси по правило, носталгичари, сентиментални трагачи по знаците на одвеаните времиња, гледачи во албумот на минатото, летописни читачи на сопствените и туѓите сродни сеќавања, избледени слики, тајнописи, облици, чувства, настани, лица, фрагменти, детали, мириси и звуци, заложници на одминатите мечти. Денес, особено.

Ете, повторно се покажа дека заживеавме во една полоша, потревожна, понеизвесна, самрачна иднина, во една фрустрирачка стварност што ововременоста ја полни со – бегства. Денес, всушност, сите сме подготвени на бегство. Ова е време создадено за емиграции. Не само од ова несигурно место; највеќе, од ова несигурно време. Така, сите тегобно го преживуваме делникот, врзани со антејски врски за ова тло, а сепак отиснати, тргнати некаде на пат. Во безбедните простори на сеќавањата. Во „добрите, стари времиња“. Сè послабо комуницираме со нашето секојдневие. Всушност, трагаме по сигурните, топли, очовечени, безбедни простори на минатото. Секогаш се враќаме во Соренто, како што нежно пее Лучано Павароти. Прогоненици сме, луѓе од временскиот егзил, носталгичари што кореспондираат, сè попредадено, со знаците и ненадејно откриените значења на некои одминати времиња. Осаменици сме, занесени од преоткриениот свет, кој е само наш и ничиј друг.

Оној бездруго универзален закон што Бајрон недвосмислено го почувствувал и го формулирал, некаде, веројатно, на своите рамничарски јужни бродења („сите времиња, кога ќе му припаднат на минатото, се добри“), денес го преоткриваме и самите, на својот пат, на коработ од сеќавањата чии едра ги напрега силата на ова време, ветровите поттикнати од желбата за бегство.

Малите, преоткриени предмети, старите весници, пожолтените фотографии на еден друг и нереален, а бездруго постоен свет, дури краткотрајниот мирис што го поттикнува тоа патување, всушност се нашите мали порти кон големото, сладострасно патување во самопрогонот во минатото во кое, дури и не сакајќи, се впуштаме. Без оглед каде се наоѓаме физички во моментот на поаѓањето. Во една своја топла епистола до пријателот од Филозофскиот факултет, филозофот Кица Барџиева пишува како ѝ е доволен само еден мал здив од липовиот мирис во Германија, каде што денес живее, навеан на нејзините ноздри, за да се врати во Скопје, на едно само нејзино минато. Во далечната Канада, мојот пријател Армен Сурмејан, како што времето на неговата имиграција одминува, сè пострасно бара наши весници, пријатели од Скопје, траги од препознаените спомени, или мали, за некого безначајни детали, што ќе го вратат во Скопје од шеесеттите, што ќе го навратат на „Безимени“ и „БИС-БЕЗ“, и на сончевината што богато ја опсипу-

ваше релјефната фасада на стариот Народен театар, веќе според топлата, носталгична слика што ја покрива патина и силна, впечатлива неповторливост. Таа слика мигум го брише студениот пејзаж на Торонто, каде што, како и пред илјадници други роднокрајни носталгичари, исчезнуваат реалните облици и се појавува едно, и тука веќе непостојно роднокрајно место. Неговите исчезнати градби, неговите веќе непостојни луѓе, добро запаметените лица, гласови, шумови и звуци, поживи одошто кога било порано.

Така е, бездруго, и со нас. Светот на минатото, топлото сеќавање на детството, времето на безгрижноста и големите, засекогаш запаметени паради, јавни свечености и семејни славја, нежните љубови, топлите зборови, искрените чувства, денес преоживуваат во нас. Колку понепостојни, толку пореални. Колку поотсутни, толку посилни. Наши. Денешницата се претвора во голема старинарница на одвеаните знаци. Во музеј на сеќавањата, во носталгичарска галерија по која, наместо експонати, живо се движат спомени. Нивното преоживување, колку сладострасно и да ни се чини, всушност е една тажна потрага по исчезнатиот, поубав свет, по „подоброто минато“. Човекот и онака им дава отпор на промените, заробеник е на инерциската сила на сеќавањето. Денес, во ова коренито изменето време, тој сака целосно да го напушти. Природно, бидејќи внатрешно, вистински, предадено, целосно се живее само во едно убаво време. Затоа и се бега од ова невреме. Во тивката тага што останува во свеста на носталгичарот-бегалец, откако минатото ќе го процеди низ својот отворен, талкачки дух. „Сите промени се тажни, дури и оние што највеќе ги посакуваме, зашто она што го оставаме е дел од нас самите...“ – искусно пишуваше Анатол Франс. Бродејќи по сеќавањата, всушност се враќаме во минатото, по тој оставен дел од себе. И откако ќе се вдадеме во таа топла авантура, на тој чудесен пат што, додека трае, благородно нѐ исполнува, на целта се пронаоѓаме себеси, тој наш составен дел, и се препознаваме како една краткотрајно составена целост. А потоа се враќаме, исполнети со тага. При враќањето, тој дел од нас, едноставно, повторно го нема. Нешто толку важно одново недостасува. Така, патувањето одново започнува; бегството, непрекинато, трае.

Ние сме само делови од еден живот, распослан по времето; делови оставени вдолж кратка маршрута. Затоа никаде не сме целосни. Освен во сеќавањето, во враќањето, по патот на кој се прибираме себеси, точка по точка, дел по дел, во една мечтаена целост. Колку попразни се чувствуваме на точките од животниот пат, толку повеќе нѐ исполнува враќањето низ неговата целост. Со некоја нестварна, а незаменлива смисла.

Бегајќи од реалноста, човек се втопува во една слатка самоизмама. Прелагата е уточиште на незадоволникот, како алкохолот за несреќникот. Денес сите сме претворени во мечтателни алкохоличари, толку сме несреќни од зададенава реалност. Или, како што пишуваше стариот, мудар Тин Ујевиќ: „Човек може да се мами со минатото, како и со иднината“. И зад нас, како, впрочем, и пред нас, се наоѓа еден утописки свет по кој се копнее. Кој се замислува, кој се присакува, кој се доградува, кој се вообразува. Наместо светот на самата стварност, *фикцијата* ни станува животен жанр. Така, ескапизмот, бегството од суровата реалност е, всушност, отиснување во светот на мечтите, не во голите, прецизно впишани сеќавања; во минатото какво што сакаме да било, не во одвеаното време, какво што навистина е.

Размислувајќи на овој начин, човек не може да не се запраша: не е ли интимната страна на најдраматичните делови од човековата историја, всушност, една

чудесна ризница на најблагородните мечти на сите човечки генерации? Еден скриен дел од севкупното човечко минато што само го спознаваме, а никогаш нема вистински, историографски прецизно да го запознаеме? Освен, можеби, во делови од новите мечти, во поединечните онирии на општочовечкиот сон што ни се јавува и нам, како бегство од фрустрацискиот кошмар на оновременото јаве, како повторување на мечтателни слики, делови, склопови од колективното сновидение на еден непресушно, генерациски присакуван рајски предел. На еднаш напуштениот топол, очовечен, хармоничен роднокрај, на кој непрекинато ќе продолжиме да му се навраќаме.

Така, денес згаснува идејата за „подоброто утре“. Сè што беше добро на овој свет, се покажува, се случило „вчера“, во бескрајот на минатото. Затоа, можеби, и стариот циник Карел Чапек ја испишал и онаа иронична декларација во која надежно говори човековиот историски „презент“: „Сегашноста: И јас еден ден ќе бидам славно минато!“

Сите аргументи денес стојат на негова страна.